Врз основа на член 112 став 1 и 2 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/2019 2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/2021), градоначалникот на Општина Арачиново на ден 25.02.2025 година донесе:

ОДЛУКА

За избор на најповолен понудувач

1. За најповолна понуда согласно Одлуката за јавна набавка бр. **13-90** од **07.02.2025** година за **набавка на стоки: набавка на горива и масла за потребите на возен парк на Општина Арачиново и ЈКП "Амбиенти" – Арачиново** се избира понудата на понудувачот:
   Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница Пласница.
   Договорот за јавна набавка за горенаведениот предмет со избраниот понудувач, ќе се потпише веднаш.
2. Се задолжува Комисијата за јавни набавки на Општина Арачиново во состав согласно Одлуката бр **13-90** да ја спроведе оваа Одлука.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По отворање на понудите доставени за учество во поедноставена отворена постапка бр. **01632/2025** за **набавка на горива и масла за потребите на возен парк на Општина Арачиново и ЈКП "Амбиенти " – Арачиново,** Комисијата за јавни набавки достави до Градоначалникот првична ранг листа на способни понудувачи за горенаведената постапка.

Комисијата изврши проверка на способноста за вршење на професионалната дејност, економската и финансиската способност, техничката способност и личната состојба , како и финансиските понуди на понудувачот, па следствено на тоа и евалуација(рангирање) на прифатливите понуди врз основа на критериумот за доделување на договор за јавна набавка наведени во огласот(најниска цена-100 бода)

Комисијата по спроведената евалуација, го достави Извештајот за текот на постапката до Градоначалникот со предлог за избор на најповолна понуда (најниско понудената цена), и Градоначалникот врз основа на член 112 став 1 и 2 од Законот за јавни набавки одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна заштита Врз основа на член 143 став 1 точка 4 од Закон за јавните набавки жалба се изјавува во рок од 5 (пет) дена од денот на прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништување на постапката.

Согласно член 142 од Законот, жалбата се изјавува до Државната комисија во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН.

Бр. 13-90/1
25.02.2025 година

Општина Арачиново/Komuna e Haraçinës
Градоначалник/Kryetar
/ Ridvan Ibraimi /

Ridvan Ibraimi
Digitally signed by Ridvan Ibraimi
Date: 2025.02.25 13:25:55 +01'00'